РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1146
14.06.2018 година
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË / РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Universiteti "Nëna Tereza" - Shkup
Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје
02.07.2018
0103-875/1

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на двегодишни студии по Применето софтверско инженерство и Применето софтверско инженерство на англиски јазик на Факултет за информатички науки при Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиските програми од втор циклус на двегодишни студии по Применето софтверско инженерство и Применето софтверско инженерство на англиски јазик на Факултет за информатички науки при Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје се обрати со барање бр. 0306-752/1 од 16.05.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1145 од 18.05.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на двегодишни студии по Применето софтверско инженерство и Применето софтверско инженерство на англиски јазик на Факултет за информатички науки при Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација бр. 1409-49/3 од 10.05.2018 година и бр. 1409-49/7 од 10.05.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1145 од 31.05.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 08.06.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1145 од 11.06.2018 година, каде е наведено дека за студиските програми од втор циклус на двегодишни студии по Применето софтверско инженерство и Применето софтверско инженерство на англиски јазик на Факултет за информатички науки при Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Dr. Arber Ademi

изработил: м-р Викторија Динковска